Ред. број 10 Иновативен менаџмент

| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од втор циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Иновативен менаџмент | | | |
| 2. | Код | БАС-22ИНОМ | | | |
| 3. | Студиска програма | Стратегиски менаџмент за одржлив развој | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Втор циклус на студии | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | прва | семестар | втор |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 6 ЕКТС | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Виш пред. м-р Горазд Смилевски (одговорен наставник)<br>Проф. д-р Лидија Стефановска | | | |
| 9. | Јазик на кој  се изведува наставата | Македонски | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | / | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | **Цели на предметната програма:**<br>• Запознавање со иновацијата и иновативниот менаџмент во организациите, како и разбирање на неопходноста од преземање на иновативни потфати во современите организации со цел напредување, развој и остварување на целите;<br>• Осознавање на факторите и предусловите кои им се потребни на организациите за да можат да креираат иновативна средина;<br>• Доживување на промените како можност и мотивирање на организациите за преземање соодветни иновативни потфати.<br>• Осознавање на способностите кои им се потребни на организацијата да иновира, кои се потребните ресурси и како да креира соодветни рутини за менаџирање со процесот на иновација во организациите;<br>• Стекнување знаење за креирање на креативна работна средина во организацијата и примена на различни техники за добивање на нови идеи;<br>• Детално запознавање со основните чекори за креирање на иновативна организација: што таа треба да содржи, каква треба да биде структурата и културата во организацијата. поттикнување на организациите да станат организации што учат, да добиваат ново знаење и континуирано да иновираат;<br>• Стекнување занаење како да се интегрираат новите технологии и како да се применат пазарните стратегии за успешна комерцијализација на иновациите;<br>• Запознавање со интрапретприемачкиот концепт и стратегиите за поттикнување на интрапретприемачки | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | иновации во организациите, со фокус на внатрешни иницијативи за нови идеи и процеси.<br><br>**Резултати од учењето:**<br>По успешното завршување на предметот, студентите ќе бидат способни да:<br>• Ја препознаваат иновацијата како предизвик за организациите;<br>• Ја дефинираат иновацијата и ја согледуваат како неопходен и постојан предизвик во денешната конкурентна и глобализирана средина;<br>• Ја толкуваат врската помеѓу иновацијата и одржливиот развој;<br>• Ги дискутираат почетоците на иновативниот менаџмент и клучните теории кои го обликуваат современиот пристап за управување со иновациите;<br>• Препознаваат и категоризираат различни видови иновации;<br>• Применуваат модели на иновација и процеси за успешно управување и имплементација на иновациите во организациите;<br>• Го толкуваат поимот „ДНК“ на иновациите, како и начините за креирање иновативна организација;<br>• Применуваат стратегии за успешна комерцијализација на иновациите;<br>• Дискутираат поврзаност на бизнис моделите и иновациите;<br>• Ги препознаваат интрапретприемачките иновации и нивната важност за организациите;<br>• Поттикнуваат интрапретприемачки иновации и идентификуваат како тие придонесуваат за одржлив развој на организациите;<br>• Анализираат и менаџираат предизвици при интрапретприемачки иновации;<br>• Применуваат практични вештини и теоретско знаење за управување со иновации и нивна примена во различни индустрии и организациски контексти. |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | Поглавје 1: ВОВЕД ВО ИНОВАТИВЕН МЕНАЏМЕНТ<br>1.1 Новиот предизвик на иновацијата;<br>1.2 Одржлив развој преку иновација;<br>1.3 Почетоци и теории за иновативниот менаџмент;<br>1.4 Дефинирање на иновацијата;<br>1.5 Типови на иновации;<br>1.6 Стандарди и рамка на иновативниот менаџмент;<br><br>*Резултати од учењето:*<br>*Студентите ќе научат да ја дефинираат иновацијата како нов предизвик за организациите;*<br>*Ќе ја дискутираат поврзаноста на конкурентска предност и оджливоста со иновации;*<br>*Ќе стекнат разбирање за почетоците и теориите на иновативниот менаџмент, како и за различните типови иновации;*<br>*Студентите исто така ќе ги научат стандардите и рамката на иновативниот менаџмент, кои се основа за успешно управување со иновациите во практиката.* |

| | | |
|---|---|---|
| | | Поглавје 2: ИНОВАЦИЈАТА КАКО МЕНАЏМЕНТ ПРОЦЕС<br>2.1 Модел на процесот на иновација;<br>2.2 Менаџирање со процесот на иновација;<br>2.3 ДНК на иновацијата во организацијата;<br>2.4 Реализација на иновацијата.<br><br>*Резултати од учењето:*<br>*Студентите ќе научат за моделите на процесот на иновација и како тие се применуваат во организациите;*<br>*Ќе стекнат знаења за менаџирањето со процесот на иновација, вклучувајќи стратегии и техники за успешно имплементирање на иновациите;*<br>*Со реализацијата на ова поглавје студентите исто така ќе се запознаат со "ДНК" на иновацијата во организацијата, како метафора за основните елементи и културни карактеристики кои ги дефинираат способностите на организацијата да генерира и имплементира иновации.*<br><br>Поглавје 3: КРЕИРАЊЕ НА ИНОВАТИВНА ОРГАНИЗАЦИЈА<br>3.1 Креативност во организацијата (колективна и индивидуална креативност);<br>3.2 Организациски фактори кои влијаат врз креативноста;<br>3.3 Генерирање на идеи низ креативна синтеза;<br>3.4 Системска способност за иновирање;<br>3.5 Компоненти на иновативна организација;<br>3.6 Екстерен фокус и отворена комуникација;<br><br>*Резултати од учењето:*<br>*Студентите ќе научат како да создадат организациска средина која ја поттикнува креативноста, преку разбирање на важноста за индивидуална и колективна креативност;*<br>*Ќе ги научат факторите кои влијаат врз креативноста и процесите за генерирање нови идеи;*<br>*Ќе ги разберат клучните компоненти на иновативната организација и значењето на отворената комуникација и екстерниот фокус за успешна иновација.*<br><br>Поглавје 4: ИНТЕРАКЦИЈА НА ИНОВАЦИИТЕ СО ПАЗАРОТ И ТЕХНОЛОГИЈАТА<br>4.1 Пазарни стратегии за комерцијализација на иновациите;<br>4.2 Интеграција на технологијата во иновациите;<br>4.3 Иновации во дигиталната ера: Влијание на новите технологии;<br>4.4 Анализа на примери за успешни иновации во индустријата и високата технологија.<br><br>*Резултати од учењето:*<br>*Студентите ќе научат како да развијат ефективни стратегии за комерцијализација на иновациите;*<br>*Ќе ја дискутираат важноста на интеграцијата на технологијата во иновациите и како новите технологии ја обликуваат динамиката на современиот пазар;*<br>*Ќе умеат да ги анализираат успешните примери од индустријата и да дискутираат како иновациите го обликуваат напредокот и конкурентноста на компаниите во дигиталната ера.*<br><br>Поглавје 5: ИНТРАПРЕТРИЕМАЧКИ ИНОВАЦИИ<br>5.1 Дефиниција на интрапретприемачките иновации; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 5.2 Важноста на интрапретприемачките иновации за одржливиот развој на организациите;<br>5.3 Стратегии за поттикнување на интрапретприемачки иновации во организацијата;<br>5.4 Предизвици во управувањето со интрапретприемачки иновации.<br><br>*Резултати од учењето:*<br>*Студентите ќе научат што се интрапретприемачки иновации;*<br>*Ќе стекнат разбирање за важноста на овие иновации за одржливиот развој на организациите, и ќе ги усвојат стратегиите за поттик на интрапретприемачките иновации;*<br>*Ќе ги дискутираат предизвиците во управувањето со интрапретприемачките иновации.* | | |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | Менаџмент на промени и организациска отпорност, Дизајн на одржливи производи и услуги. | | |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за предметот | Наставата по предметот Иновативен менаџмент и одржлив развој се реализира преку комбинација на интерактивни предавања, практични вежби, студии на случај и индивидуална и групна работа, со цел да се овозможи сеопфатно разбирање на современите концепти и практики во областа на иновативниот менаџмент.<br>Предавањата се организираат во форма на интерактивна настава каде што студентите се активно вклучени преку дискусии, прашања и мултимедијални презентации. Овој метод овозможува стекнување на теоретски знаења, но и нивна примена преку анализа на актуелни предизвици во областа.<br>Практичните вежби имаат за цел да ги зајакнат компетенциите на студентите преку симулации, решавање на конкретни задачи и примена на концептите во реални работни сценарија. Преку индивидуални и тимски активности, студентите развиваат аналитички и истражувачки способности, како и практични вештини за решавање на проблеми.<br>Студиите на случај се користат како алатка за подобро разбирање на менаџерските предизвици во реалниот сектор. Преку анализирање на конкретни примери од деловната пракса, студентите развиваат критичко размислување и учат како да ги применат стекнатите знаења за идентификување и решавање на проблеми во областа на иновативниот менаџмент.<br>Индивидуалната и групната работа се важен дел од наставниот процес, бидејќи поттикнуваат активно учење, соработка и комуникациски вештини. Студентите имаат можност да работат на самостојни истражувања, како и да презентираат решенија за конкретни предизвици поврзани со иновативниот менаџмент.<br>Со примена на овие наставни и работни методи, студентите се стекнуваат со применливо знаење, критичко размислување и практични вештини потребни за современиот иновативен менаџмент. | | |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | 162 | | |
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања- теоретска настава. часови | 30 |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови | 30 |
| | | 16.3. | Пракса: часови | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | | 15 |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | | 45 |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | | 42 |
| 18 | Услови за потпис | Реализирани активности од точка 16 и 17 | | | |
| 19 | Начин на оценување | | | | |
| | 19.1. | Тестови: бодови | | 30 | |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | | 20 | |
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | | 50 | |
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | | до 50 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | | 51 х до 60 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | | 61 х до 70 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) | |
| | | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | • Евалвации од студентите: Редовно спроведување на евалвации за оценување на наставниот процес, со фокус на содржината на предметот, методите на предавање, комуникацијата со студентите и јасноста на наставниот материјал.<br>• Самоевалвација на наставниците: Наставниците вршат самооценка на своето предавање, оценувајќи ги своите методи на наставата, нивната ефективност и областите за подобрување.<br>• Набљудување на наставата: Редовно набљудување на часовите од страна на колеги или менаџери за квалитет, со цел да се оценат методите на предавање и интеракцијата со студентите.<br>• Постигнување на образовни цели и резултати: Анализа на академските резултати на студентите, како и нивните вештини и способности што ги стекнале, во контекст на учењето.<br>• Меѓународни акредитации и стандарди: Применување на меѓународни стандарди за квалитет во образованието и вршење на редовни проверки преку акредитации и оценки од надлежни институции. | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Смилевски Г. /Стефановска Л. | Иновативен менаџмент | Бизнис академија Смилевски - БАС | 2025 |
| | | 2. | | | | |
| | | 3. | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Paul Trott | Innovation management and new product development | Pearson Education Limited | 2017 |
| | | 2. | Elias G. Carayannis Elpida T. Samara Yannis L. Bakouros | Innovation and Entrepreneurship | Springer Cham Heidelberg New York Dordrecht London | 2015 |
| | | 3. | | | | |